ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕТСКИ ИГРАЧКИ



Играчките се неизоставен дел од животот на децата. Низ играта децата учат и се развиваат.

За жал, некои играчки можат да претставуваат голема опасност за безбедноста и животот на децата, пред сè, поради нивната конституираност (облик, големина, боја, хемиски состав...) или поради нивната несоодветност на возраста на детето.

Оваа брошура има за цел да информира за:

- **Што се подразбира под детска играчка?**
- **Што не се смета за детска играчка?**
- **Кои услови треба да ги исполнува играчката за да биде пуштена во промет?**
- **Кога играчката смее да биде пуштена во промет?**
- **Како треба да бидат означени предупредувањата на играчката?**
- **За кои играчки се потребни посебни предупредувања?**

## Што се подразбира под детска играчка?

Под детска играчка се подразбираат производите што се дизајнирани или наменети исклучиво или неисклучиво за употреба во играта за деца под 14-годишна возраст.

## Што не се смета за детска играчка?

За детска играчка не се сметаат:

- украсни предмети за прослави и свечености;
- производи за колекционери, под услов производот или неговото пакување да имаат видлива и читлива ознака дека производот е наменет за колекционери не помлади од 14 години. Примери за оваа категорија се:
  - (а) детални и верни модели, сразмерно намалени,
  - (б) комплети за склопување на детални модели,
  - (в) народни и украсни кукли и останати слични производи,
  - (г) историски копии на играчки и
  - (д) репродукции на вистинско огнено оружје;
- спортска опрема, вклучувајќи ролшуи, ролери и скејтборди наменети за деца со телесна тежина поголема од 20 кг;
- велосипеди со максимална висина на седиштето поголема од 435 мм, мерена како вертикално растојание од тлото до врвот на површината на седиштето, со седиштето во хоризонтална положба и спуштено во најниската можна положба;
- тротинети и останати превозни средства наменети за спортување или за патување на јавни патишта или патеки;

- возила на електричен погон наменети за патување на јавни патишта или патеки, или на нивните тротоари;
- водна опрема наменета за употреба во длабоки води и средства за учење пливање на деца, како што се гуми и помагала за пливање;
- сложувалки со повеќе од 500 делови;
- пушки и пиштоли кои користат компресиран гас, со исклучок на пиштоли и пушки на вода и стрели за лакови подолги од 120 см;
- огномет, вклучувајќи ударни каписли кои не се специјално направени за играчки;
- производи и игри со стрелачки предмети со остри врвови, како што се стрели за пикадо со метални врвови;
- функционални образовни производи како, на пример, електрични шпорети, пегли или други функционални предмети кои работат на номинален напон над 24 волти и кои се продаваат исклучиво за наставни цели под надзор на возрасни лица;
- производи наменети за образовни цели во училишта или во друг педагошки контекст под надзор на возрасно наставно лице, како научна опрема;
- електронска опрема, како персонални компјутери и конзоли за игри, кои се користат за пристап на интерактивен софтвер и нивната периферна опрема, освен ако електронската и соодветната периферна опрема не се посебно направени и наменети за деца и имаат сопствена вредност на детска играчка, како што се специјално направени персонални компјутери, тастатури, џојстици или волани;
- интерактивен софтвер наменет за слободно време и за забава, како што се компјутерски игри и нивните носачи, како ЦД;
- цуцли и лажалки за бебиња;
- светлосни тела привлечни за деца;
- електрични адаптери за играчки;
- модни додатоци за деца кои не се наменети за користење при игра.

## Кои услови треба да ги исполнува играчката за да биде пуштена во промет?

Играчката треба да ги исполнува основните безбедносни барања.

## Општи безбедносни барања

- Кога играчката се користи во согласност со нејзината намена, односно на предвидлив начин, земајќи го предвид однесувањето на децата, не треба да ги загрозува безбедноста или здравјето на корисниците или на трети лица.
- Етикетите и упатствата за употреба треба да упатуваат на опасностите и ризиците поврзани со употребата на играчката и кон начините за избегнување на таквите опасности и ризици.

## Посебни безбедносни барања кои се однесуваат на:

- физичките и механичките својства,
- запалливоста,
- хемиските својства,
- електричните својства,
- хигиената и
- радиоактивноста на играчката.

## Кога играчката смее да биде пуштена во промет?

- Производителите треба да извршат анализа на хемиските, физичките, механичките, електричните својства, запалливоста и хигиенските и радиоактивните опасности, како и оцена на потенцијалното изложување на таквите опасности.
- Пред да ја пуштат играчката на пазар, производителите употребуваат една од постапките за оцена на сообразноста:
  - Внатрешна контрола врз производството
  - Типско испитување
- Кога усогласеност на определена играчка со применливите барања ќе се докаже со соодветната постапка за оцена на сообразноста, производителите изготвуваат ЕС декларација за сообразност.
- Потоа имаат право да ја стават ознаката „CE"на играчката и да ја пуштаат во слободен промет.

## Како треба да бидат означени предупредувањата на играчката?

- Предупредувањата на играчката треба да бидат означени јасно и видливо, лесно читливо, разбирливо и точно, на поставената етикета или на пакувањето.
- Предупредувањата ја вклучуваат минималната и максималната возраст на корисникот и, ако е соодветно, способностите на корисникот, минималната или максималната тежина на корисникот и потребата да се осигури дека играчката треба да се користи само под надзор на возрасно лице.

## За кои играчки се потребни посебни предупредувања?

- Играчки кои не се наменети за деца помлади од 36 месеци

Играчките кои можат да бидат опасни за деца на возраст под 36 месеци треба да имаат предупредувања од типот: „Не е соодветно за деца под 36 месеци", или „Не е соодветно за деца помлади од 3 години", или предупредување во форма на следниов графички приказ:



- **Играчки за стимулирање на одредени активности**

На играчките за стимулирање на одредени активности треба да биде поставено следново предупредување:

„Само за домашна употреба".

- **Функционални играчки**

На функционалните играчки треба да биде поставено следново предупредување:

„Да се користи под директен надзор на возрасно лице".

- **Хемиски играчки**

Играчките кои содржат опасни супстанции или смеси треба да имаат предупредување за опасната природа на овие супстанции или смеси и укажување за мерките на претпазливост кои корисникот треба да ги преземе со цел да избегне опасности поврзани со нив, а кои треба прецизно да бидат наведени во согласност со типот на играчката.

Покрај претходно наведените упатства, хемиските играчки треба да го имаат следново предупредување на нивното пакување:

„Не е наменето за деца помлади од [*] години. Да се употребува само под надзор на возрасно лице".

Следниве особено се сметаат за хемиски играчки: хемиски комплети, комплети од пластелин, минијатурни работилници за керамика, емајлирање или фотографија, и слични играчки кои доведуваат до хемиска реакција или слични супстанции кои се менуваат за време на употребата.

- **Лизгалки, ролери, ролшуи, скејтборди, тротинети и велосипеди за деца**

Кога овие играчки се нудат на продажба како играчки, тие треба да го имаат следново предупредување:

„Треба да се носи заштитна опрема. Да не се користи во сообраќај".

- **Водни играчки**

На водните играчки треба да биде поставено следново предупредување:

„Да се користи само во вода каде што не е подлабоко од детето и под надзор на возрасно лице".

- **Играчки во храна**

Играчките кои доаѓаат или се мешаат со храна мора да го содржат следново предупредување:

„Внатре има играчка. Се препорачува надзор од возрасен".

- **Имитации на заштитни маски и кациги**

Имитациите на заштитни маски и кациги треба да го содржат следново предупредување:

„Оваа играчка не обезбедува заштита".

- **Играчки наменети за врзување над лулка, детско креветче или детска количка со помош на врвки, јажиња, ластици или каиши**

Играчките наменети за врзување над лулка, детско креветче или детска количка со помош на врвки, јажиња, ластици или каиши треба да го имаат следново предупредување на пакувањето кое, исто така, е трајно обележано на играчката:

„За да се спречат евентуални повреди од заплеткување, отстранете ја оваа играчка кога детето ќе почне да се обидува да застане на рачињата и на колената во положба за лазење".

- **Пакување на мириси за олфакторни игри на табла, козметички комплети и игри за развивање на вкусот**

Пакувањата на мириси за употреба во олфакторни игри на табла, козметички комплети и игри за развивање на вкусот, треба да го содржат следново предупредување:

„Содржи мириси кои може да предизвикаат алергии".

## Напомени за потрошувачите:

- Купувајте исклучиво во легални продавници.
- Чувајте ја фискалната сметка.
- Внимателно прочитајте ја декларацијата.
- Погледнете за која возраст е наменета играчката.
- Обрнете внимание на обликот и материјалот на играчката.
- Испробајте ја играчката во продавницата.
- Запомнете дека ознаката „CE" означува само дека производот ги задоволува минимум безбедносните стандарди.
- Не купувајте играчки без ознаката „CE".
- Ако забележите небезбедна играчка, пријавете во:
    - Државниот пазарен инспекторат или во
    - Организацијата на потрошувачите на Македонија

Полнетите играчки како мечињата и слично може да изгледаат безопасно, но нивните очи, носот и копчињата често се доволно ситни за да се задават мали деца. Проверете дали сите мали делови и додатоци се добро зацврстени.



Коцките за играње им овозможуваат на малите деца креативна и конструктивна игра. Внимавајте бидејќи понекогаш тие содржат мали делови кои би можеле да претставуваат опасност за вашето дете.



**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**
ул. Водњанска 6.6.1000 Скопје, тел./ факс: 3179 - 592; тел.3212-440
url: www.opm.org.mk, e-mail: opm@opm.org.mk

**Организација на потрошувачите Битола**
ул. Браќа Мингови бр.5,
7000 Битола
тел./факс: 047/228 246

**Организација на потрошувачите Штип**
ул. Васил Главинов бб,
2000 Штип
тел./факс: 032/529-745, моб.075 306 605

**Организација на потрошувачите Охрид**
ул. Ѓорче Петров' зграда Гранит, ламела 2 , локал 1
тел./факс: 046/523 348

**Организација на потрошувачите Кочани**
ул. Раде Кратовче бр.1,
2300 Кочани
тел./факс: 033/274 013 лок. 104

**Организација на потрошувачите Тетово**
ул. ЈНА, Општина Тетово,
1200 Тетово
тел./факс: 044/356 630

